РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО
- Градоначалник -
Бр. 11-1799/3 од 24.07.2026 година
Чучер Сандево

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА ОДОБРУВАЊЕ ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

Се одобрува **Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Г2.1 – Лесна градежна индустрија со производство на градежни елементи и производи - индустриска работилница за производство на столарија, на КП2392 КО Глуво Бразда, Општина Чучер-Сандево**, со проектен опфат од **5847 m2.**

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Инвеститорот, **Друштво за производство и трговија ЛОГИЦ ДООРС ДОО Скопје** преку ополномоштено правно лице ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО, Битола на ден 06.03.2026 година, поднесе Барање за одобрување, **Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Г2.1 – Лесна градежна индустрија со производство на градежни елементи и производи - индустриска работилница за производство на столарија, на КП2392 КО Глуво Бразда, Општина Чучер-Сандево**, тех.бр. **0801-17-06/25** од Март 2026 година, изработена од Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО, Битола со лиценца за изработување на урбанистички планови бр. 0023 од 31.01.2026 година на неопределено време.

Комисијата за урбанизам на Општина Чучер-Сандево, формирана со Решение бр. 09-294/1 од 06.02.2026 година, согласно член 38 став (8) и Член 62 став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24), на ден 17.07.2026 година, достави до Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, Предлог за одобрување на **Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Г2.1 – Лесна градежна индустрија со производство на градежни елементи и производи - индустриска работилница за производство на столарија, на КП2392 КО Глуво Бразда, Општина Чучер-Сандево**.

Врз основа на изнесеното, а согласно член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Правна поука: Против ова решение незадоволната страна може да изјави посебна жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250 денари административни такси.

Изработил/Одобрил:
Н.Лазаревски диа

Градоначалник на
Општина Чучер Сндево,
Зоран Бајовски